Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУ
НА СОЦИЈАЛИСТИ

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Вторник, 10 декември 1974
БЕЛГРАД
БРОЈ 63 ГОД. XXX

Цена на овој број е 2 динари. — Претплатата за 1974 година изнесува 350 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756.

1050.

Врз основа на член 31 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со точка 1 од Одлуката за утврдување на основните земјоделски производи што се сметаат како земјоделски производи од интерес за целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА МИНИМАЛНАТА ОТКУПНА ЦЕНА ЗА ШЕЌЕРНА РЕПА ОД РОДОТ НА 1975 ГОДИНА

1. Организациите на здружениот труд што се занимаваат со производство на шеќер (фабриките за шеќер) шеќерната репа од родот на 1975 година ќе ја купуваат од организациите на здружениот труд што произведуваат шеќерна репа или откупуваат шеќерна репа од индивидуални производители (во натамошниот текст: организациите) по цена која не може да биде пониска:

1) во периодот од 16 септември до 15 декември — од 0,51 динар за еден килограм;

2) во периодот пред 16 септември и по 15 декември — од 0,60 динари за еден килограм.

Фабриките за шеќер со организациите ќе договараат купување на шеќерна репа, по правило, по дигестија. Во тој случај цените од став 1 на оваа точка важат за шеќерна репа со дигестија од 15,5%. За секој цел процент на поголема или помала дигестија од 15,5%, цената од став 1 под 1 на оваа точка се зголемува односно намалува за 0,0329 динари за еден килограм, со тоа што дропките се земаат предвид.

2. Цените од точка 1 на оваа одлука важат за чиста шеќерна репа по одбивање на тежината на туѓи примеси, земја и неисправно одрежани глави, лисје, жилички и опавчиња, франко натоварна станица во местото на организацијата а по избор на купувачот, при железничка, бродска, односно камионска рампа, кеј или дигалка, приготвено за натовар во превозно средство.

3. Организациите можат, при договарањето на откупот на шеќерната репа од индивидуални производители, да засметаат за трошоците на договарањето на откупот најмногу 0,025 динари за еден килограм шеќерна репа.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 741
2 декември 1974 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

1051.

Врз основа на член 31 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со точка 1 од Одлуката за утврдување на основните земјоделски производи што се сметаат како земјоделски производи од интерес за целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА МИНИМАЛНАТА ОТКУПНА ЦЕНА ЗА СОНЧОГЛЕД И СОЈА ОД РОДОТ НА 1975 ГОДИНА

1. Организациите на здружениот труд што се занимаваат со преработка на сончоглед и соја (фабриките за масло) ќе купуваат сончоглед и соја од родот на 1975 година од организациите на здружениот труд што произведуваат или откупуваат сончоглед и соја од индивидуални земјоделски производители по цена која не може да биде пониска, и тоа:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) за сончоглед | 5,25 |
| 2) за соја | 5,25 |

Цените од став 1 на оваа точка се подразбираат за еден килограм сончоглед, односно соја, франко магацин, вагон, шлеп или друго превозно средство во местото на продавачот, по избор на купувачот.

2. Цените од точка 1 на оваа одлука важат за сончоглед кој содржи 40% масло, 11% влага и 3% нечистотија, а за соја која содржи 13% влага и 2% нечистотија.

За сончоглед за секој цел процент содржина на масло над или под 40% минималната откупна цена се зголемува, односно се намалува за 0,12 динари за еден килограм, со тоа што дропките се земаат предвид.

За секој цел процент на влага над или под 11% и за секој цел процент нечистотија над или под 3%, цената се зголемува, односно намалува за 0,03 динари за еден килограм сончоглед, со тоа што дропките се земаат предвид.

3. Организациите на здружениот труд што откупуваат сончоглед и соја од индивидуални земјоделски производители, можат да засметуваат на име трошоци за договарањето на откупот најмногу 0,20 динари за еден килограм сончоглед и соја.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 742
2 декември 1974 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

**1052.**

Врз основа на член 1а став 4, член 37 став 1, чл. 37б и 37д став 1 и член 37ѓ од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКИТЕ ЧИЈ ИЗВОЗ И УВОЗ Е РЕГУЛИРАН

1. Во Одлуката за определување на стоките чиј извоз и увоз е регулиран („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/74), во Списокот на стоките за кои се утврдуваат условите за извоз и увоз, кој е составен дел на таа одлука, во тарифниот број 17.01, во колона 3 се вршат следните измени:

| „Тарифен број | Наименување на стоките | Поранешната кратенка за стоковниот режимот на извозот | Се заменува со кратенката за стоковниот режим на извозот |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 17.01 | Шеќер од шеќерна репа и од шеќерна трска: | | |
| | 1) Шеќер суров: | | |
| | а) од репа | ЛБ | Д |
| | б) од трска | ЛБ | Д |
| | 2) Хемиски чиста сахароза | ЛБ | Д |
| | 3) Друг: | | |
| | а) рафиниран: | | |
| | 1) од репа: | | |
| | а) во кристал | ЛБ | Д |
| | б) во коцки | ЛБ | Д |
| | в) во прав | ЛБ | Д |
| | г) глави | ЛБ | Д |
| | 2) од трска: | | |
| | а) во кристал | ЛБ | Д |
| | б) во коцки | ЛБ | Д |
| | в) во прав | ЛБ | Д |
| | г) глави | ЛБ | Д |
| | б) кандиран | ЛБ | Д |
| | в) сахароза | ЛБ | Д". |

2. Оваа одлука ќе се применува врз работите што ќе се склучат и ќе и се пријават на банката од денот на влегувањето во сила на оваа одлука како и врз работите што се склучени и пријавени на банката до тој ден, а по кои не е извршен извоз.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 743
5 декември 1974 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

**1053.**

Врз основа на член 76 од Законот за девизно работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72, 71/72 и 52/73), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ДЕВИЗИТЕ ШТО ЌЕ ГИ ОСТВАРАТ ГРАЃАНИ

1. Во Одлуката за располагање со девизите што ќе ги остварат граѓани („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/72) во точка 1 став 1 зборовите: „во странство по основите одредени во точка 2 на оваа одлука," се бришат.

2. Точ. 2, 3 и 4 се бришат.

3. Во точка 10 став 1 зборовите: „Одредбата на точка 2 под 1" се заменуваат со зборот: „Одредбите", а зборот: „применува" со зборот: „применуваат".

Во став 2 запирката по зборот: „влог" и зборовите: „зависно од основот по кој се стечени," — се бришат, а зборовите: „соодветните одредби" се заменуваат со зборот: „одредбите".

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 744
5 декември 1974 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

**1054.**

Врз основа на чл. 16, 18 и 62 точка 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА НА ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за задолжителната резерва на деловните банки кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/72, 12/74, 28/74, 57/74, 58/74 и 62/74) во точка 1 став 1 во одредбата под 1 стапката: „25,5%" се заменува со стапката: „24%".

2. Деловните банки, врз основа на редовната пресметка на задолжителната резерва според состојбата на средствата од 30 ноември 1974 година, ќе ја изнајдат разликата помеѓу задолжителната резерва пресметана по стапка од 25,5% и задолжителната резерва пресметана по новата стапка од 24% и износот на таа разлика ќе го пренесат врз својата жиро-сметка.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 94
6 декември 1974 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите,
гувернер
на Народната банка на Југославија,
**Бранислав Чолановиќ**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— за долгогодишна револуционерна работа и за извонредни заслуги во изградбата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за развивањето и јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за слободата и независноста на нашата земја, како и за значаен придонес на нејзината политика на мирот и пријателската соработка со други држави

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЛЕНТА

Биједиќ Адема Џемал, Дугоњиќ Илије Рато, Миниќ Драгомира Милош, Рибичич Јосипа Митја;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Сиротковиќ Иве д-р Јаков, Вратуша Антона д-р Антон;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Глигоријевиќ Саве Душан, Јаковлевски Димитра Трпе, Јеркиќ Јозе Иво;

— за особени заслуги во ширењето на братството меѓу нашите народи и народности, како и во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на земјата

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Шнудерл Макса Борис;

— за особени заслуги и постигнати успеси во социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Андов Божина Стојан, Бејзат Ахмета Мугбил, Џемовиќ Милоње Момчило, Франко Антона Иван, Хаџиќ Ќамила Мухамед, Крстиниќ Јакова Мирјана, Куштрак Мије инж. Иво, Лудвигер Емила др Емил, Стојановиќ Недељка Никола.

Бр. 60
15 мај 1974 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— за посебни заслуги во областа на хирургијата и стручната работа во Здружението на канцерологите на Хрватска и Југославија, а по повод стогодишнината од формирањето на Зборот на лекарите на Хрватска

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

санитетскиот полковник Кучишец Стјепана проф. др Анѓелко;

— за постигнати особени успеси во стручната работа на полето на микро-хирургијата на уши, а по повод стогодишнината од формирањето на Зборот на лекарите на Хрватска

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

санитетскиот полковник Шпрем Андрије др Тугомир;

— за особени заслуги во ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности, во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на народите и народностите

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

потполковникот на финансиска служба Анѓелковиќ Живојина Љубиша.

Бр. 65
20 мај 1974 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од Воената пошта 4795, Белград

— за особено истакнување во познавањето и вршењето на војничките должности и за примерно војничко држење

СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

десетарите: Хаусенмајер Рената Златко, Јачимовиќ Петра Србољуб, Копчаревиќ Срећка Јадран, Милановиќ Алде Ѓанфранко, Млинаревиќ Анте Бранислав, Мудриниќ Илије Бранко, Наумовски Круме Мирослав, Пашајлиќ Дринка Драго, Тадиќ Дамјана Веселин, Величковиќ Владе Гојко;

разводниците: Цар Ивана Стјепан, Ратарију Светозара Јовица, Стојановиќ Живојина Станимир;

војниците: Башиќ Марка Петар, Бериќ Милана Чедо, Блажиќ Стане Јанез, Дедиќ Ибрахима Ќазим, Домонкош Ѓуле Рудолф, Димитровски Стерије Венцеслав, Ѓино Назифа Атиф, Фаркаш Мартина Мартин, Гациќ Стеве Недељко, Хорват Аугуста Милан, Худелист Луке Мартин, Ивљанин Витомира Петар, Јеремиќ Зарије Милорад, Јовиќ Вељка Петар, Капланoвиќ Богољуба Милан, Карапуш Хусне Мирсад, Клопотан Мирка Мато, Куртагиќ Смаила Сеад, Лукач Ѓуре Адам, Маслеша Раме Алија, Мариќ Јована Радивоје, Милутиновиќ Ѓорѓа Никола, Митрашиновиќ Милоша Милоје;

Неговановиќ Вујице Обрен, Остојиќ Славка Радован, Паниќ Животе Синиша, Пекиќ Мирка Драго, Петронијевиќ Спиридона Драган, Пендевски Васила Никола, Пухер Ивана Иван, Ракиќ Рајка Каменко, Савкиќ Милутина Драгутин, Селимовиќ Христе Зијо, Тодоровиќ Саве Миро, Убовиќ Дмитра Лука, Урошевиќ Обрена Љубиша, Видовиќ Франца Франц, Вилдиќ Смаје Сафет, Винчевиќ Фериза Мидхо, Вукојевиќ Миљка Радивоје;

Од Воената пошта 7345, Сплит

— за примерна работа на развивањето полет за остварување на поставените задачи, како и за покажување на старешинските и војничките особини што им служат за пример на другите

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

десетарите: Бехариќ Садика Мујо, Ковачевиќ Радомира Слободан;

разводникот: Бетко Османа Хајрудин;

морнарите: Динчиќ Мирољуба Ранко, Шабани Мехмета Исмаили;

— за особено истакнување во познавањето и вршењето на војничките должности и за примерно војничко држење

СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

десетарите: Адамовиќ Млаѓена Милан, Анѓелиќ Радомира Душан, Ардалиќ Стојана Војислав, Чорагиќ Бегана Хасан, Драгојевиќ Раде Радован, Гибиќ Хамида Галиб, Гикиќ Радована Милош, Ханзер Ивана Иван, Хрустановиќ Паше Салко, Јовиќ Љубомира Мирко, Кадириќ Ибрахима Абаз, Каретиќ Животе Живојин, Кокељ Франца Силво, Корјениќ Мухарема Мурат, Ковачиќ Мирка Маријан, Крниќ Николе Анте;

Леони Боже Иво, Марковиќ Павла Милорад, Месец Ивана Драгутин, Миленковиќ Момира Милан, Милин Јакова Бруно, Нинковиќ Ѓуре Ѓорѓе, Орловиќ Дане Илија, Проје Винка Макс, Радмиловиќ Светозара Милан, Ракиќ Андреја Радиша, Сомборски Славка Сава, Спасојевиќ Крсте Вукадин, Стојчиќ Драгослава Стојан, Турнер Карела Јоже, Тузлак Мустафе Вејсил, Васиљевиќ Миодрага Слободан, Живковиќ Сибина Часлав;

разводниците: Беговиќ Захира Асим, Беговиќ Хусе Мукебир, Богатај Антона Антон, Брадариќ Ремиза Мирсад, Бургар Јоже Марјан, Челебиќ Гаврила Миодраг, Чвокиќ Милоша Цвијо, Ѓорѓевиќ Александра Бранислав, Ѓукиќ Васе Момчило, Гојиќ Данила Станко, Госпиќ Анте Драго, Хорват Андреја Антон, Хренка Андрије Данијел, Котар Алфонза Силвио, Крампељ Франца Франц, Крашовец Марије Владо;

Лалиќ Душана Борислав, Лаврња Симе Бранко, Лебан Виљема Радо, Лоцки Петра Жељко, Мандиќ Цвитка Иван, Матиќ Аугуста Рафо, Медиќ Љубе Драган, Освалд Станка Звонимир, Перушко Нике Стијепо, Поцрња Винка Здравко, Славиц Франца Франц, Смиљан Имре Маријан, Шимиќ Мате Јосо, Шубериќ Јована Крсто, Тотиќ Славољуба Благоја.

војниците: Абрамовиќ Ѓорѓа Стеван, Алиќ Ахмета Кемал, Бабо Петера Иштван, Бардиќ Жарка Стаменко, Цолиќ Стипана Роко, Дрмановиќ Обрада Жарко, Ѓешевиќ Сулејмана Нусрет, Фафља Фрање Јосип, Фејза Тахира Нецмедин, Иветиќ Милоша Јован, Јевтиќ Обрена Радомир, Јовановиќ Живана Милан, Кумановиќ Ивана Стојан, Мијајловиќ Милоша Петар, Мумлек Антуна Стјепан, Наѓ Карољa Карољ, Николиќ Томислава Звонимир, Пријатељ Мартина Павел, Тафоши Азиса Невруз, Тoпловиќ Милосава Радомир, Стаменковиќ Миодрага Драган, Шпаровиќ Игња Предраг, Уршиќ Миќе Никша, Васовиќ Радоја Зоран;

морнарите: Божиќ Цветка Милан, Долшек Јоже Јоже, Ѓурѓевиќ Живка Емил, Грудиќ Хасиба Есад, Мицеџ Фрање Милан, Стојков Драгомира Милан, Шушњара Ивана Винко, Тераш Франца Јоже, Виќентиќ Маринка Томислав, Вукша Љубомира Драго, Зрниќ Илије Милорад.

Бр. 66
20 мај 1974 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито, с. р.**

---

**УКАЗ**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 од Уставот на Социјалистчка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликува

— за заслуги во развивањето и зацврстувањето на соработката и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Австрија

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Антон Дермота.

Бр. 67
21 мај 1974 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито, с. р.**

---

## СОДРЖИНА:

Страна

1050. Одлука за минималната откупна цена за шеќерна репа од родот на 1975 година — 1893
1051. Одлука за минималната откупна цена за сончоглед и соја од родот на 1975 година — 1893
1052. Одлука за измена на Одлуката за определување на стоките чиј извоз и увоз е регулиран — 1894
1053. Одлука за измени на Одлуката за располагање со девизите што ќе ги остварат граѓани — 1894
1054. Одлука за измена на Одлуката за задолжителната резерва на деловните банки кај Народната банка на Југославија — 1894
Одликувања — 1895

**Издавач: Новинска установа Службен лист на СФРЈ, Белград, Јована Ристиќа 1, Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17**